Бр./Nr 12-1536/4
06-08-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на продолжението од својата 8-ма седница одржано на 01.08.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по пријавата со број 12-1536/1 од 30.04.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-1536 од 2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-1536/1 од 30.04.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за злоупотреба на службено возило со регистарски ознаки /// за партиски цели за време на изборниот процес претседателски и парламентарни избори 2024 година. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставена е фотографија од возилото.

По увидот во содржината на пријавата и доставената фотографија, ДКСК изврши увид во регистарот на службени возила и утврди дека истото е во сопственост на ///. Се работи за возило марка ///.

ДКСК се обрати до /// и побара податоци, информации и документација за тоа кој орган го користел ова возило за време на изборниот процес, како и

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

фотокопија од актите врз основа на кои возилото било дадено на користење. Од страна на овој орган беше доставен одговор и документација од кои произлезе дека предметното возило било користено од страна на ///, за потребите на ///.

Видно од доставената фотографија во пријавата, возилото е паркирано на локација, за кое подносителот тврди дека се работи за избирачко место, меѓутоа овој факт не може да се провери од страна на ДКСК.

Според чл. 6 од Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавните функции именувани од страна на Владата, носителите на јавните функции треба да дејствуваат исклучиво од јавниот интерес т.е. должност и не смеат државните функции и овластувања да ги користат за остварување на партиски интереси, а чл. 11 од Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавните функции именувани од страна на Владата го уредува интегритетот на носителот на јавната функција на начин така што материјалните државни ресурси, како што се службените возила, треба да се користат исклучиво за остварување на државните интереси, т.е. должности.

Според чл. 4 ст. 2 ал. 7 од Уредбата за личностите и објектите што се обезбедуваат, видовите на мерки и активности и степените на обезбедување ("Сл. весник на РМ" бр. 56/14), министерот за надворешни работи има право на постојано обезбедување од страна на Министерство за внатрешни работи на РСМ, а според чл. 18 ст. 1 ал. 3 од истата Уредба, мерките на обезбедување се состојат од физичко и сообраќајно обезбедување на објекти и личности.

Согласно со горе наведеното, ДКСК оцени дека горе означеното службено возило му е доделено на користење на ///, во смисла на горе цитираните одредби. Во тој поглед, правото на располагање со службеното возило на /// од 24 часа треба да се оствари во рамките на вршењето на службената должност.

Со оглед дека ДКСК не може да испита дали доделеното службено возило се користело за намена спротивна од горе наведените одредби, следуваше ДКСК да ја запре постапката за овој предметен случај, бидејќи согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, предметот нема елементи за натамошно постапување.

Согласно со горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц. Р., член

Доставено до:
- Подносителот